Врз основа на чл.35 ст.1 ал.8, а во врска со чл.47 од Статутот на Стопанската комора на Македонија (бр. 07-1177/6 -20.04.2011 год.), Здружението на комуналните дејности, на седницата одржана на 19.06.2013 година, донесе:

# К О Д Е К С
## на етичко однесување на деловните субјекти од комуналните дејности

### I. Општи одредби

#### Член 1

Со Кодексот на етичко однесување на деловните субјекти од комуналните дејности (во понатамошниот текст: Кодекс), се утврдуваат основните правила на добро однесување во работењето и меѓусебното дејствување на членовите на Здружението на комуналните дејности, почитувајќи ги општите норми на однесување и принципите на деловната и професионалната етика и добрите деловни обичаи, со цел изградба и зацврстување на довербата меѓу членките, како и меѓу корисниците на нивните производи и услуги.

#### Член 2

Сите правни субјекти, физички и правни лица членови на Здружението на комуналните дејности (во понатамошниот текст: Здружението) и нивните вработени се обврзуваат на почитување на Кодексот, како нужна претпоставка за делотворно функционирање на пазарот и поттикнување на развивање на квалитетни односи и лојална конкуренција меѓу деловните партнери како и во односите со корисниците на нивните производи и услуги.

#### Член 3

Основни правила на добро однесување на членовите на Здружението на комуналните дејности се:

- одговорно, совесно, квалитетно и потполно извршување на договорените обврски;
- почитување на позитивните прописи на Република Македонија;
- лојален и конкурентски натпревар на пазарот, без монополска положба и со етичко однесување кон конкурентите;
- придржување на правилата на деловната етика и професионалните стандарди и правила во дејноста при постапување кон другите правни субјекти и корисниците на производите и услугите;
- транспарентност и еколошки одговорно постапување (работење);
- професионално, објективно, непристрасно, коректно, ефикасно, љубезно и пристојно однесување кон корисниците на производите и услугите заради постигнување чуство на сигурност и задоволство на корисниците на производите и услугите;
- навремено и точно давање на информации на корисниците на производите и услугите;
- грижа за унапредување на професионалните знаења и вештини на своите вработени;

**II. Меѓусебни односи**

**Член 4**

Членовите на Здружението се придржуваат на превземените обврски во рамките на законите и договорените обврски и не ги попречуваат другите членки во нивната работа.

**Член 5**

Членовите на Здружението во деловните односи не смеат да ја злоупотребат довербата на корисниците на производите и услугите, деловните партнери и други правни субјекти.

**Член 6**

Членовите на Здружението нема да шират невистинити информации за другите членови на Здружението со што би се нарушил угледот и деловниот кредибилитет на членовите на Здружението.

**Член 7**

Непосредна соработка и обострано почитување (уважување) во меѓусебните односи и размена на искуства во интерес на унапредување на дејноста.

**III. Почитување на Кодексот**

**Член 8**

Одредбите на овој Кодекс ги обрзуваат членовите на Здружението и нивните вработени.

Сите евентуални недоразбирања и спорови, членовите ќе се обидат да ги решат спогодбено.

Во случај на повреди на Кодексот, одлучува Судот на честа при Комората.

**IV. Завршни одредби**

**Член 9**

Одредбите на овој Кодекс се задолжителни за членовите на Здружението и нивните вработени.

**Член 10**

Текстот на Кодексот се објавува на веб-порталот на Стопанската комора на Македонија.

**Член 11**

Кодексот влегува во сила со денот на донесување.

**Скопје, 19. 06.2013 год.**

Здружение на комунални дејности

**Претседател,**

**Бр.25-1903/3**

**Златко Ристески**